Врз основа на член 23 став (8), член 24 став (8) и член 25 став (9) од Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 50/12, 188/13, 43/14 и 138/14), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, на седница одржана на 24.11.2014 година донесе:

# Упатство
## за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на лиценца за овластен ревизор, друштво за ревизија и овластен ревизор – трговец поединец

### Член 1

Со ова упатство се пропишуваат формата и содржината на образецот на барањето за издавање на лиценца за овластен ревизор, друштво за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец.

### Член 2

Барањето за издавање на лиценца за овластен ревизор се поднесува на образец - "Барање за издавање на лиценца за овластен ревизор", во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

### Член 3

Барањето за издавање на лиценца за работа на друштво за ревизија се поднесува на образец "Барање за издавање на лиценца за работа на друштво за ревизија", во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 2, кој е составен дел на ова упатство.

### Член 4

Барањето за издавање на лиценца за работа на овластен ревизор - трговец поединец се поднесува на образец "Барање за издавање на лиценца за работа на овластен ревизор – трговец поединец", во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог 3, кој е составен дел на ова упатство.

### Член 5

Советот го задржува правото да бара дополнителни информации и документи во врска со поднесеното барање.

### Член 6

Со денот на влегувањето во сила на ова упатство, престанува да важи упатството за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на лиценца за овластен ревизор и лиценца за работа за вршење на работи на ревизијата број 02-41/1 од 20.02.2013 година.

### Член 7

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла во седиштето на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Претседател на Советот
Соња Ѓелова – Стојанова

Број 02-515/1
26.11.2014 година
Скопје

До архива на Советот за унапредување
и надзор на ревизијата на Република Македонија

**БАРАЊЕ**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР**

Од ____________________________________________

**(подносител на барањето)**

_______________________________________________

**(адреса на подносителот на барањето)**

Краток опис на поднесеното барање:

Молам Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, согласно член 23 став (3) од Законот за ревизија ("Службен Весник на РМ" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14 и 138/14) да ми издаде лиценца за овластен ревизор.

**Прилог:** се доставува потребната документација согласно член 23 став (4) од Законот за ревизија ("Службен Весник на РМ" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14 и 138/14) и тоа:

1) уверение за ревизор;
2) потврда од работодавач за најмалку три години работно искуство во друштво за ревизија од областа на ревизијата од кои најмалку две под надзор на овластен ревизор;
3) доказ за уплата на надоместок за издавање на лиценцата.

Документите се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

**Потпис на барателот**

_______________________

**ПРИЛОГ 2**

До архива на Советот за унапредување
и надзор на ревизијата на Република Македонија

**БАРАЊЕ**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА**

Од ______________________________________________

**(подносител на барањето)**

______________________________________________

**(адреса на подносителот на барањето)**

Краток опис на поднесеното барање:

Молам Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, согласно член 24 став (2) од Законот за ревизија ("Службен Весник на РМ" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14 и 138/14) да издаде лиценца за работа на друштвото за ревизија ______________________________ од ____________.

**Прилог**: се доставува потребната документација согласно член 24 став (3) од Законот за ревизија ("Службен Весник на РМ" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14 и 138/14) и тоа:

1) решение за упис на друштвото за ревизија во Трговскиот регистар кај централниот регистар;
2) список на лица вработени на неопределено време како овластени ревизори со регистарски број под кој се запишани во соодветниот регистар кај Институтот;
3) лиценца за овластен ревизор за ревизорите кои се основачи на друштвото и оние кои се вработени;
4) потврда од Централен регистар на Република Македонија дека мнозинството со право на глас во друштвото за ревизија е во сопственост на овластени ревизори;
5) потврда од Централен регистар на Република Македонија дека друштвото не е евидентирано во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност;
6) потврда од Централниот регистар на Република Македонија дека друштвото не е евидентирано во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лице кај Централниот регистар на Република Македонија;
7) доказ за осигурување од одговорност од штета согласно член 24 став (1) точка 4) од Законот за ревизија; и
8) доказ за уплата на надоместок за издавање на лиценцата.

Документите се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

**Потпис на барателот**

______________________

**ПРИЛОГ 3**

До архива на Советот за унапредување
и надзор на ревизијата на Република Македонија

**БАРАЊЕ**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР - ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ**

Од ____________________________________________________________

**(подносител на барањето)**

_______________________________________________________________

**(адреса на подносителот на барањето)**

Краток опис на поднесеното барање:

Молам Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, согласно член 25 став (4) од Законот за ревизија ("Службен Весник на РМ" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14 и 138/14) да издаде лиценца за работа на овластен ревизор - трговец поединец ______________________________ од ____________.

**Прилог**: се доставува потребната документација согласно член 25 став (5) од Законот за ревизија ("Службен Весник на РМ" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14 и 138/14) и тоа:

1) уверение за ревизор издадено на име на подносителот на барањето;
2) лиценца за овластен ревизор издадена на име на подносителот на барањето;
3) решение за упис во Трговскиот регистар кај Централниот регистар на Република Македонија;
4) доказ дека овластениот ревизор подносител на барањето е вработен;
5) потврда од Централен регистар на Република Македонија дека не е евидентиран во Регистарот на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење на одделна дејност;
6) потврда од Централниот регистар на Република Македонија дека не е евидентиран во Регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица кај Централниот регистар на Република Македонија;
7) доказ за осигурување од одговорност од штета согласно член 25 став (2) точка 3) од Законот за ревизија; и
8) доказ за уплата на надоместок за издавање на лиценцата.

Документите се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар.

**Потпис на барателот**

______________________